# З А П И С Н И К

## Од Триесет и втората седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 25.02.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Триесет и втората седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Беким Лачи, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Лазо Трпков, Владимир Палашевски, Маја Седрак, Томислав Кежаровски, Миле Грозданоски, Марјан Велевски и Музбајдин Ќамиљи.*

Триесет и втората седница на Програмскиот совет започна во 11:10 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Триесет и втората седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 30-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување и усвојување на Записникот од 31-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
3. **Разгледување и усвојување на Предлог-Статут на МРТ**
4. **Барање за согласност до Надзорниот одбор по Предлог-Статут на МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 30-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Триесетата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Записникот од 31-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Триесет и првата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Разгледување и усвојување на Предлог-Статут на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски ја отвори третата точка од Дневниот ред и рече дека, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и важечкиот Статут на МРТ, директорот на МРТ го предлага Статутот, а Програмскиот совет го донесува, при што за донесување на Статутот е потребна и согласност од Надзорниот одбор на МРТ.

Тој накратко потсети дека Програмскиот совет постапува строго согласно Законот и пропишаните процедури. Член 43 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр. 248/2018) јасно утврдува дека новиот Програмски совет најпрво треба да ги донесе подзаконските акти, а потоа во рок од 15 дена да распише конкурс за директор и заменик-директор. Кај МРТ, тој клучен подзаконски акт е Статутот, а не деловникот.

Поради законската обврска за претходна согласност од Надзорниот одбор, првиот чекор во процесот беше изборот на Надзорен одбор. Тој процес беше привремено во застој поради ограничувањата од Изборниот законик, но по завршување на изборите пречките беа отстранети и постапката за избор на Надзорен одбор е завршена. Со тоа се создадоа и услови да се пристапи кон донесување на новиот Статут и потоа распишување конкурс за директор и заменик-директор.

Во однос на самиот Предлог-статут, Програмскиот совет одвои значително време за негово разгледување, со цел да се подготви што е можно поквалитетно решение на овој значаен подзаконски акт со кој се уредуваат организацијата, управувањето, надлежностите на органите, уредувачките принципи, финансирањето и стандардите на работење на МРТ.

Предлог-статутот беше ставен на јавна расправа кон крајот на декември, при што и членовите на Програмскиот совет дадоа значителен импут, а дел од доставените забелешки и предлози од јавната расправа беа прифатени и вградени во текстот. По јавната расправа следеше и дополнителна фаза на доработка, со интервенции насочени кон:

- појасно уредување на прашањата за судир на интереси и неспоивост на функции,
- јакнење на гаранциите за уредувачка автономија и институционална независност,
- прецизирање на професионалните стандарди и начела на МРТ,
- вметнување на нова Глава VII – „Стандарди и начела на МРТ", со која нормативно се зацврстуваат професионалните принципи на работење,
- уредување на визуелниот идентитет и заштитата на логото,
- усогласување со законската рамка за употреба на јазиците, и
- усогласување со правилата за финансирање на јавниот радиодифузен сервис.

Во таа насока во последната верзија на Предлог-статутот која на оваа седница ја разгледува Советот се направени и одредени интервенции кои произлегуваат од јавната седница на Програмскиот совет и од потребата за дополнително усогласување со важечката законска рамка.

Односно се извршени доработки со кои се обезбедува целосно усогласување со последните измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и се зајакнува правната основа за негово донесување.

Дополнително, се прецизира рамката за работа на Програмскиот совет со цел обезбедување редовно и континуирано вршење на неговите надлежности, како и рамката за јавни конкурси, набавка на програмски содржини и склучување и раскинување договори, преку јасно дефинирани правила и балансиран однос меѓу оперативната и надзорната улога.

Истовремено се доуредува организациската структура на МРТ со цел појасно разграничување на надлежностите и зајакнување на механизмите за спречување на судир на интереси, како и се создава можност за обезбедување на дополнителни средства од Буџетот за развој и капитални инвестиции, во согласност со Законот, со што се придонесува за финансиска стабилност и одржлив развој на јавниот сервис.

Како резултат на сугестии од Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), а прилагодени со интерните акти и Правила во МРТ, е додаден нов член 95, со кој конкретно се утврдува одговорноста на одговорните уредници, се гарантира нивната независност од надворешни и внатрешни влијанија, се обезбедува уредничка застапеност во комисиите за избор и набавка на програмски содржини и се забранува какво било влијание врз изборот, измената или откажувањето на содржини поради политички, економски или лични интереси.

Дополнително, во однос на сугестиите доставени од синдикалната група на ССНМ при МРТ, Програмскиот совет констатира дека дел од предложените прашања веќе се уредени со

Предлог-статутот или директно со Законот, а дел ќе бидат предмет на уредување со посебни правилници. Прашањата за судир на интереси се веќе засилено уредени во Предлог-статутот, емитувањето на европски аудиовизуелни дела е уредено согласно законската рамка, критериумите за директор и заменик-директор се утврдуваат согласно Законот, а прашањето за составот на комисиите за избор на програмски содржини е соодветно да се доуреди во Правилата за јавни конкурси и набавка на програмски содржини.

Сумирано може да се истакне дека финалната верзија го прави Статутот појасен, поконзистентен и усогласен со Законот, а воедно е резултат на инклузивен и транспарентен процес, поради што може да се оцени како најсеопфатен и најквалитетен Статут како подзаконски акт донесен во МРТ.

Со оглед на наведеното, и сметајќи дека текстот е подготвен за понатамошно постапување, Претседателот го отвори прашањето дали некој од членовите има забелешки, дополнувања или предлози по однос на Предлог-статутот.

Констатирајќи дека нема пријавени за збор, Претседателот предложи Предлог-статутот на МРТ да се стави на гласање за усвојување.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 4. Барање за согласност до Надзорниот одбор по Предлог-Статут на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски, ја отвори четвратата точка од Дневниот ред и рече дека, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ, по усвојувањето на Предлог-Статутот од страна на Програмскиот совет, истиот се доставува до Надзорниот одбор на МРТ за давање согласност.

Во таа насока, подготвено е Барање за согласност до Надзорниот одбор на МРТ, со кое Програмскиот совет бара Надзорниот одбор да го разгледа Предлог-Статутот на ЈРП МРТ и да даде согласност за истиот.

Претседателот го отвори прашањето дали некој од членовите има забелешки или дополнувања по однос на Барањето за согласност.

Констатирајќи дека нема пријавени за збор, Претседателот предложи Советот да пристапи кон гласање за донесување Барање за согласност до Надзорниот одбор на МРТ по Предлог-Статутот на МРТ.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Дополнително Претседателот Давор Пашоски информираше дека по предметот на Тони Гламчевски, по кој се води второстепена постапка пред Државната комисија за одлучување во управна постапка, Програмскиот совет ги доставил сите списи со кои располага и одговорил на претходните ургенции.

Во списите доставени до Програмскиот совет од страна на полномошникот не било приложено полномошно, поради што истото не било доставено ниту до Државната комисија.

Во меѓувреме е доставена и нова ургенција од Државната комисија, со која повторно се бара доставување на полномошното. Во таа насока, иако полномошното со кое адвокатот е овластен да постапува во име на жалителот е во посед на странката и нејзиниот полномошник и неговото доставување е нивна надлежност, Програмскиот совет повторно ќе се обрати до полномошникот на жалителот со писмено барање за доставување на полномошното, со цел истото да биде проследено до Комисијата и да се овозможи непречено продолжување на постапката. Доколку полномошното не биде доставено до Програмскиот совет во разумен рок, ќе се извести Комисијата дека неговото доставување е исклучива надлежност на странката и нејзиниот полномошник.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за продуктивната средба на присутните на 32-та седница на Програмскиот совет на МРТ.
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја затвори Триесет и втората седница во 11:31 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-1231/3
25.02.2026г.

_________________________

Давор Пашоски